ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 420 т. 4, 421 и 439 од Законот за трговски друштва, член 7 и член 27 став 6 од Законот за хартии од вредност и член 10, 25 и 40 став 1 алинеја 6 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 7.4.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање хартии од вредност по пат на приватна понуда со II (втора) емисија акции

### Член 1

Основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со ЕМБС 6121110 се зголемува со средства на Банката, преку распределба на дел од добивката на Банката за 2022 година и исплата на дивиденда во акции со издавање нова емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда, **II** (втора) емисија на обични акции.

Со оваа емисија се издаваат 57.710 обични акции.

Номиналната вредност по акција изнесува 1.000 денари.

Продажната цена по акција изнесува 1.000 денари.

Вкупната номинална вредност на оваа емисија на хартии од вредност е еднаква на вкупната продажна вредност и изнесува 57.710.000 денари.

Со оваа емисија, почетниот капитал (основната главнина) на Банката ќе се зголеми за 57.710.000 денари..

Вкупниот капитал на ТТК Банка АД Скопје по извршената II емисија на акции по пат на приватна понуда изнесува 965.598.000 денари и тоа 965.598 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари.

### Член 2

Правата што произлегуваат од сопственоста на овие обични акции се:

- Право на глас во Собранието на акционери на Банката;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда); и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Акциите гласат на име. Секоја акција дава право на еден глас во Собранието на акционери на Банката.

### Член 3

Дивидендата се исплаќа врз основа на Одлука од Собранието на акционери на ТТК БАНКА АД Скопје со која се регулира начинот на исплатата и висината на дивидендата.

### Член 4

Сопствениците на акции од II емисија акции ги стекнуваат сите права и обврски од акциите предвидени во законските прописи, Статутот на Банката и во актот за нивно издавање, со денот на уписот во акционерската книга на Банката во Централниот депозитар на хартии од вредност АД Скопје.

**Член 5**

Во согласност со член 1 од оваа одлука, ТТК Банка АД Скопје на акционерите, како познати купувачи на хартии од вредност, од расположливата добивка за распределба им издава дивиденда во акции сразмерно на нивното учество во основната главнина според дивидендниот календар за исплата на дивидендата за 2022 година.

Собранието на акционери го овластува Управниот одбор на Банката за секој поединечен акционер да ја подготви пресметката за бројот на акции што треба да ги стекне од оваа емисија на акции, да ја утврди вредноста на стекнатите новоиздадени акции, да го пресмета евентуалниот износ за доплата на разликата во пари и да го пресмета вкупниот број акции во однос на вкупното учество во денари и во основната главнина.

Доколку дивидендата по поединечен акционер не ја достигнува номиналната вредност од една акција или кога според законските и ограничувањата од регулаторните тела не можат да се стекнат со акции од оваа емисија, Собранието на акционери го овластува Управниот одбор да пресмета, а Банката да им исплати на акционерите соодветен паричен износ на нивните трансакциски сметки од остатокот од расположливата добивка за распределба во износ од 696.998 денари, по уписот на зголемувањето на основната главнина во Централниот регистар на Република Северна Македонија и по уписот на новата емисија на акции во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, а најдоцна до 30.9.2023 година.

**Член 6**

Во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на конечноста од Решението на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, ТТК Банка АД Скопје треба да ја спроведе постапката за реализација на приватната понуда.
ТТК Банка АД Скопје ќе објави Соопштение за издавање акции по пат на приватна понуда во еден дневен весник.

**Член 7**

Во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главница во трговскиот регистар, ТТК Банка АД Скопје треба да поднесе барање до овластен депозитар за регистрирање/запишување на новоиздадените акции во акционерската книга на Банката.

**Член 8**

Во рок од 5 (пет) работни дена од денот на завршувањето на приватната понуда, ТТК Банка АД Скопје треба да ги извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за процентот на реализацијата на емисијата.

**Член 9**

Оваа одлука има карактер на одлука за измена на Статутот на Банката.

По регистрирање на новоиздадените акции во Централниот депозитар на хартии од вредност се менува членот 9 од Статутот на Банката во делот на висината на основната главнина на Банката и бројот на обичните акции.

**Член 10**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката, по барање на надлежни институции, да врши соодветни измени и дополнувања на оваа Одлука.

**Член 11**

Се овластува Управниот одбор на Банката да ја спроведе оваа одлука, да ја подготви целокупната документација и да ја спроведе постапката за упис на зголемувањето на основната главнина во Трговскиот регистар како и постапката за регистрирање на хартиите од вредност во акционерска книга при Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 12**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

____________________________

# О б р а з л о ж е н и е

**кон Предлог - одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со издавање акции од II емисија од средства на Банката**

Во согласност со член 483 од Законот за трговските друштва Собранието на акционери одлучува за распоредување на добивката, при што во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката

Во согласност со член 420 од Законот за трговските друштва, зголемувањето на акционерскиот капитал може да се врши и од средства на друштвото преку издавање долгорочни хартии од вредност – акции.

Со оваа одлука се предлага Банката да ја зголеми основната главнина на Банката преку издавање долгорочни хартии од вредност – акции во износ од 57.710.000 денари, што е во согласност со стратешките определби на Банката за зголемување на основната главнина и претставува понатамошно зголемување на нивото на вкупен капитал заради понатамошен раст на Банката.

Зголемувањето на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје се врши со средства на Банката, преку распределба на дел од добивката на Банката за 2022 година и исплата на дивиденда во акции со издавање нова емисија хартии од вредност по пат на приватна понуда **II** (втора) емисија на обични акции, при што со оваа одлука се утврдува начинот, бројот, вредноста и правата на обичните акции и роковите за регистрирање на зголемувањето на основната главнина во надлежните институции во согласност со позитивните прописи.

Скопје, 28.2.2023 г. **НАДЗОРЕН ОДБОР**